## IN MEMORIAM



## ДАМЈАН ЛЕПЧЕСКИ
## (1927 — 1977)

На 17 септември 1977 година трагично го загуби својот живот другарот Дамјан Лепчески, самостоен педагошки советник по историја во Републичкиот завод за унапредување на образованието и воспитанието на СР Македонија.

Роден е на 12 октомври 1927 година, во с. Галичник, општина Гостивар, СР Македонија. Учителска школа заврши во Скопје 1948 година со одличен успех, а потоа Виша школа — група историја и географија во 1952 и Филозофски факултет — група историја во 1962 година во Скопје.

Другарот Дамјан Лепчески работел како учител, наставник по историја, директор на основно училиште, а смртта го затече како повеќегодишен советник во Републичкиот завод за унапредување на образованието и воспитанието на СРМ. Таквата континуираност на образованието му овозможи еднакво да се носи со проблемите и на одделенската и на предметната настава било да се работи за основно или за средно училиште.

За време на своето долгогодишно работење, во сферата на образованието, другарот Дамјан Лепчески ги извршуваше своите работни задачи совесно и со љубов. Тој секогаш пројавуваше интерес за усовршување на наставниот процес. Беше широк и длабок стручњак во областа на историјата, одмерен и тактичен педагог, длабоко хуман, дружељубив, принципиелен и правдољубив во меѓучовечките односи.

Тој пројави мошне плодна публицистичка дејност на планот на стручната проблематика од воспитанието и образованието. Во прво време, соработуваше во весникот „Просветен работник" а подоцна стана и редовен член на неговата редакција, каде што тој остана цели 15 години. Лепчески има објавено и околу 100 написи, од кои над 50 се со стручна проблематика од наставата по историја. Негова главна преокупација беа прашањата од областа на усовршувањето на наставата по историја. Има објавено статии во кои се третирани прашања од областа

на теоријата на методиката по историја во списанијата: „Просветно дело“, „Историја“, „Настава по историја“ и други стручни списанија, листови, весници во кои даде свој придонес и во усовршувањето на практичната примена на наставата по историја во основните и средните училишта.

Како наставник и директор соработуваше, а како советник беше и еден од авторите при составувањето на наставните програми по историја за основните и средните училишта во СР Македонија во 1968 и 1973 година. Тој повеќе пати беше рецензент на ракописи за учебници по историја за средни училишта и автор на радиоучилишни емисии по историја.

Педагошко-стручната подготвеност на другарот Дамјан Лепчески дојде до израз и во подготвувањето на повеќе анализи и информации што беа разгледувани и позитивно оценувани во неколку републички институции и организации. Тој активно учествуваше на разни советувања, семинари, симпозиуми и конгреси по историја каде што не само што се пројавуваше како организатор, туку и директно се вклучуваше во нив со свои дискусии и стручни прилози.

Неговата стручна активност беше видлива и во работата на Стручниот актив на советниците по историја од заводите за школство на СР Македонија. Тој беше основач, креатор и раководител на ова стручно тело, внесувајќи во него динамична и плодна работа за унапредување на наставата по историја.

Во текот на својата 28-годишна плодна педагошка работа, Дамјан беше и виден општествено-политички работник, на работното место, во градските организации и пошироката општествена заедница — како комунист, секретар на ОО на СК, член и претседател на Комисијата за наставата по историја при Сојузот на друштвата на историчарите на СРМ, член на Комисијата за наставата по историја при Сојузот на Друштвата на историчарите на СФРЈ, претседател на Комисијата за издавање на учебници по историја при Редакцијата „Просветно дело“, член на Комисијата на ЦК СКМ за односите меѓу републиките, нациите и народностите и друго.

Низ сите овие активности и неуморно работење, другарот Дамјан се истакнуваше со високи етички квалитети, принципиелност, отвореност, искреност, дружељубивост, хуманост, трудољубивост и преданост во нашето самоуправно социјалистичко општество. Неговите квалитети и заслуги беа високо ценети од средината каде што работеше и живееше, во градот Скопје и надвор од него. Доказ за тоа се многубројните плакети, признанија и благодарности од разни културно-просветни институции. Носител е на Орден на трудот од III ред и Орден на трудот со сребрен венец со кои го одликува Претседателот на Републиката.

Неговите колеги и неговите многубројни пријатели, соработници и др. секогаш со почит ќе се сеќаваат за својот драг другар, кој со отворено срце, насмевка на лицето, топол збор и готовност да даде несебична помош го привлекуваше нивното внимание за блискост, соработка и другарски односи.

Иван МАНЕВСКИ